**Акционерско друштво за производство и промет на вино**
**ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД - Кавадарци**

# СЕДНИЦА
# СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ
# 29.12.2025 година (Понеделник)

**декември 2025, Скопје**

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 02-2156/7
25.11 2025 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт – импорт АД – Кавадарци се објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за свикување и одржување Собрание на акционерите на**
**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

Седницата на Собранието на акционери на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци ќе се одржи на **29.12.2025 година (понеделник) во 12:00 часот** во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба - Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот:

1. Избор на претседавач и работни тела.

2. Усвојување Записник од Собранието на акционери од 11.11.2025 година

3. Донесување на Одлука за употреба и распоредување на акумулираната добивка од 2017 година и од 2018 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци

4. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда (дивиденден календар)

5. Донесување на Одлука за зголемување на основна главнина со средства на друштвото на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци

6. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци

Во работата на собранието можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на собранието е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почеток на одржувањето на седницата на собранието.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на Друштвото, во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба – Скопје, секој работен ден од 8 до 10 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.tikves.com.mk

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт – импорт АД – Кавадарци се објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за свикување и одржување Собрание на акционерите на**
**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

Седницата на Собранието на акционери на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци ќе се одржи на **29.12.2025 година (понеделник) во 12:00 часот** во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба - Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот:

1. Избор на претседавач и работни тела.

2. Усвојување Записник од Собранието на акционери од 11.11.2025 година

3. Донесување на Одлука за употреба и распоредување на акумулираната добивка од 2017 година и од 2018 година на ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци

4. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда (дивиденден календар)

5. Донесување на Одлука за зголемување на основна главнина со средства на друштвото на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци

6. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци

Во работата на собранието можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.
Услов за учество во работата на собранието е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почеток на одржувањето на седницата на собранието.
Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.
Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.
Гласањето на собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.
Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на Друштвото, во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба – Скопје, секој работен ден од 8 до 10 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.tikves.com.mk

**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

# Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**За работа на Собранието на акционерите на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – Кавадарци на 29.12.2025 година**

## Т.1. Избор на претседавач и работни тела

**Т.2 Усвојување на Записник од Собрание на акционери од 11.11.2025 година**

ОДУ број 3066/25
ИЗВОД

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**АНА ДОЈЧИНОВСКА**
За подрачјето на основните судови
на градот Скопје
Ул.Кеј 13-ти Ноември бр.2-2, кат2, ГТЦ

Во Скопје, на 11.11.2025 (единаесети ноември две илјади и дваесет и петта) година
Во 12:00 (дванаесет) часот

# НОТАРСКИ АКТ

Јас **Нотар Ана Дојчиновска** од Скопје, со службено седиште на ул. Кеј 13-ти Ноември бр. 2-2 кат 2, ГТЦ Скопје, потврдувам дека денес на 11.11.2025 (единаесети ноември две илјади и дваесет и петта) година на Покана од **Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**, со седиште на ул. 8-ми Септември бр. 5, Кавадарци, со ЕМБС 5275890, да присуствувам на седница на Собрание на акционери на ден 11.11.2025 (единаесети ноември две илјади и дваесет и петта) година, со почеток во 12:00 (дванаесет) часот,во седиштето на подружницата Управа во Скопје, на ул. Димче Беловски бр.2 Гази Баба, Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријат и член 384, 385, 386 и 407 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврдам Одлуки на Собрание на друштвото, поради што го сочинив следниот---------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------**ЗАПИСНИК**-------------------------------------------------
------------------------------------од седница на Собрание на акционери на ---------------------------------
**-------------------Акционерско Друштво за производство и промет на вино-----------------------**
**--------------------------------------ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ,**--------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Собранието на друштвото на мое барање ми беа предочени:-----------------
Тековна состојба **на Акционерско Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**, со седиште на ул. 8-ми Септември бр. 5, Кавадарци, со ЕМБС 5275890, издадена од Централен Регистар на РСМ на ден 30.05.2024 година, под деловоден број 0805-50/150020250416264 (прилог на овој записник).------------------------------------------------------------------------------------------------------
Акционерска Книга на Друштвото на ден 10.11.2025 (десети ноември две илјади и дваесет и четврта) година од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN: MKVVTK101013 (прилог на овој записник), од која утврдив дека Издавачот **Акционерско Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**, издало акции и тоа: Вид: Обични акции; Номинална вредност по ХВ: 51.13 EUR; Вкупен број на ХВ: 270450; Вкупен номинален капитал: 13828108.5 EUR; Број на гласови: 270450, Состојба: Активен; Број на иматели: 411; Број на сопственички позиции: 413. ------------------------------------------------------------------------------------
Јавен повик објавен во дневното гласило: "Нова Македонија", објавен на 10-12 октомври 2025 година, со кои се повикуваат акционерите да присуствуваат на собранието кое е

закажано за 11.11.2025 година со следниот дневен ред (прилог на овој записник) ----------------
Утврдив дека на седницата на Собранието се присутни акционерите: --------------------------------
1.М-6 ДОО Скопје, имател на 216589 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Јелена Каранфилова - прилог полномошно----------------------------------------------
2.М-6 ЕДЕН ДОО Скопје, имател на 18066 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Бети Недева - прилог полномошно-------------------------------------------------------
3.Миле Бундовски, имател на 273 акции со право на глас во Собранието. -------------------------
4. Димитар Пети, имател на 273 акции со право на глас во Собранието. ----------------------------
5. Љупчо Крстевски, имател на 2545 акции со право на глас во Собранието ----------------------
6. Горица Арсова имател на 40 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Оливера Ставрова - прилог полномошно--------------------------------------------------------------
7. Атанас Гелов имател на 45 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Оливера Ставрова - прилог полномошно--------------------------------------------------------------
8. Фердинад Дончов имател на 113 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Оливера Ставрова - прилог полномошно-----------------------------------------------
9. Никола Димов имател на 49 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Оливера Ставрова - прилог полномошно--------------------------------------------------------------
10. Димче Ицев имател на 113 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Оливера Ставрова - прилог полномошно--------------------------------------------------------------
11. Василка Тасева имател на 46 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Оливера Ставрова - прилог полномошно--------------------------------------------------------------
12. Тихомир Касапинов имател на 48 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Катерина Ризова Ристов - прилог полномошно------------------------------------------
13. Марина Малинкова имател на 40 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Катерина Ризова Ристов - прилог полномошно------------------------------------------
14. Љупчо Павлов имател на 136 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Катерина Ризова Ристов - прилог полномошно--------------------------------------------------
15. Глигорчо Јошев имател на 42 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Симона Ѓорѓиева - прилог полномошно---------------------------------------------------------------
16. Роска Белевска имател на 10 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Симона Ѓорѓиева - прилог полномошно---------------------------------------------------------------
17. Даниела Илова имател на 159 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Симона Ѓорѓиева - прилог полномошно-----------------------------------------------
18. Тихомир Атанасовски имател на 4643 акции со право на глас во Собранието-----------------
19. Горан Марковски имател на 320 акции со право на глас во Собранието-------------------------
20. Елена Младеновска - Јеленковиќ имател на 129 акции со право на глас во Собранието----
На седницата на собранието покрај акционерите присутни се: Светозар Јаневски – Претседател на Управен одбор, Марјан Андонов - претставник од ревизорската куќа ГРАНТ ТОРНТОН, и вработени во друштвото -------------------------------------------------------------------
Седницата на Собранието започна во 12:00 (дванаесет) часот.------------------------------------------
Од наведениот список, по неговата верификација утврдив дека на седницата на Собранието се присутни акционери и полномошници на акционери со вкупен број на гласови 243679, што претставува 90,1 % од вкупниот број на акции со право на глас во Собранието-----------------
Список на присутни акционери со број на акции-прилог.-------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-а Јелена Каранфилова ја отвори седницата и констатираше дека Собранието го има потребниот кворум за работа и за донесување полноважни одлуки бидејќи од вкупниот број на акции со право на глас и тоа 270.450 акции, присутни се акционерите и полномошниците на акционерите со вкупен број на гласови 243.679, што преставува 90,1 % од вкупниот број на акции со право на глас во Собранието на Друштвото.---------------------------------------------------
Со оглед дека до одржувањето на Собранието не е поднесен предлог за изменување и дополнување на дневниот ред, како лице кое во името на свикувач го отвори Собранието, Г-а Јелена Каранфилова утврди дека Собранието ќе работи и одлучува по предложениот и објавен за работа на Собранието, па го предложи на усвојување следниот------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**---------------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**------------------------------------------------------------------------------------------

**1.Избор на претседавач и работни тела.**---------------------------------------------------------------------

**2. Усвојување Записник од Собранието на акционери од 30.05.2025 година,. ----------------**

**II. РАБОТЕН ДЕЛ** ------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.1. Донесување Одлука за откуп на удели во трговски друштва**---------------------------------

**Т.2. Донесување Одлука за одобрување на задолжување**----------------------------------------

**Т.3. Донесување Одлука за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото** ---------------------------------------------------------------------------------------

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**---------------------------------------------------------------------------------

1. **Избор на претседавач и работни тела** -----------------------------------------------------------------
, Г-а Јелена Каранфилова формално го отвори Собранието на акционери на друштвото и премина на точка 1 од Процедуралниот дел од Дневниот ред--------------------------------------

**Избор на претседавач и работни тела** ----------------------------------------------------------------
Г-а Бети Недева ја предложи Г-а Јелена Каранфилова, за Претседавач на Собранието на акционери. Бидејќи други предлози немаше, Г-а Јелена Каранфилова, го стави предлогот на гласање ----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието со 243.679 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА ја избра Г-а Јелена Каранфилова за Претседавач на Собранието на акционери. --------------------------------
Се констатира дека за Претседавач на Собранието на акционери е избрана Г-а Јелена Каранфилова. ------------------------------------------------------------------------------------------------------
Г-а Јелена Каранфилова, се заблагодари за укажаната доверба. Претседавачот на собранието раководи со работата на седницата на собранието во согласност со Законот и Статутот.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Избор на бројач на гласови . ----------------------------------------------------------------------------------
Г-а Јелена Каранфилова ја предложи Бети Недева за бројач на гласови. -------------------------
Собранието со 243.679 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА ја избра Бети Недева за бројач на гласови. ---------------------------------------------------------------------------------
Избор на записничар ---------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на Собранието истакна дека на оваа седница на Собранието е присутен Нотар Ана Дојчиновска од Скопје, односно помошник Нотар Косара Наумовска, кој ќе го води Записникот од оваа седница на Собранието.-------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по следната точка од дневниот ред:---------------------------------
**Усвојување Записник од Собранието на акционери од 30.05.2025 година.**---------------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.------------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 243.679 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, **го усвои Записникот од Собранието на акционери од 30.05.2025 година.** ----------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Се премина на II.РАБОТЕН ДЕЛ**---------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по **првата** точка од работниот дел од дневниот ред:----------
**Т.1. Донесување Одлука за откуп на удели во трговски друштва**--------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека во врска со оваа точка, во материјалите за седницата, кои се уредно објавени, содржано е образложение за донесување на одлуката, а достапен на увид во деловните простории на друштвото е Извештајот за независно разумно уверување изготвен од Грант Торнтон ДОО Скопје.-------------------------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека акционерот Миле Бундовски доставил предлог за промени во текстот на предложената одлука и истиот е во прилог на материјалите што се на увид на денешната седница.----------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото право на глас по оваа точка имаат само акционерите кои немаат интерес од зделката а кои се претставени на денешната седница на собранието на акционери. Акционерите М6 ДОО Скопје и М6 ЕДЕН ДОО Скопје како акционери кои имаат интерес од зделката немаат право на глас по оваа точка. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Оттука, согласно ЗТД и Статутот за донесување на одлуката потребно е мнозинство на гласови од акционерите кои немаат интерес од зделката ---------------------------------------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.------------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор на Претседавачот предложи Собранието да ја донесе следната:-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Одлука за откуп на удели во трговски друштва ------------------------------------------------------------
Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со **9.024 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја донесе Одлуката за откуп на удели во трговски друштва** -------------------------------------------------------------------------------------
**Прилог Одлука** ------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.2. Донесување Одлука за одобрување на задолжување**-----------------------------------------
Претседавачот појасни дека Во врска со оваа точка од дневниот ред, акционерот Миле Бундовски доставил предлог за промени во текстот на предложената одлука и истиот е во прилог на материјалите што се на увид на денешната седница.------------------------------------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.------------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор на Претседавачот предложи Собранието да ја донесе следната:-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Одлука за одобрување на задолжување -----------------------------------------------------------------

Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со **243.679 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја донесе Одлуката за одобрување на задолжување** ------------------------------------------------------------------------------------------
**Прилог Одлука** ----------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.3. Донесување Одлука за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото** --------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------------
Како никој не се јави за збор на Претседавачот предложи Собранието да ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Одлука за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото -------
Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со **243.679 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја донесе Одлуката за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото** ------------------------------------
**Прилог Одлука** ----------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По исцрпувањето на сите точки од дневниот ред, Претседавачот праша дали некој се јавува за збор и бидејќи никој не се јави за збор констатира дека сите точки од денешното собрание се исцрпени и се заблагодари на присутните за нивното присутво.------------------------------------
Седницата на собранието заврши во 12,10 часот.--------------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој записник лично го составив на 5 (пет) страници од 5 (пет) листа, го следев целокупниот тек на седницата на Собранието на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на прифаќање и согласност со неговата содржина своерачно го потпиша.-----------------------------------------------------------------------
Претседавач на седница на Собрание на акционери на Акционерско друштво за производство и промет на вино **ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ** експорт-импорт АД-Кавадарци

Г-а Јелена Каранфилова ________________________________________________С.Р.
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

При составувањето на овој нотарски акт-Записник се издадени изводи за потребите на Акционерско друштво за производство и промет на вино **ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци,** а изворникот се чува во архивот на нотарот.---------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската награда по член 41 и 54 од Нотарска тарифа е пресметана во износ од 12.000,00 денари.------------------------------------------------------------------------------------------------------
**ОДУ бр. 3066/24**-----------------------------------------------------------------------------------------
Скопје, 11.11.2025 (единаесети ноември две илјади и дваесет и петта) година --------------------
Ова е прв извод идентичен со изворникот и се издава за **ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци.** ------------------------------------------------------------------------

**НОТАР**
**АНА ДОЈЧИНОВСКА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
КОСАРА НАУМОВСКА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА ДОЈЧИНОВСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА ДОЈЧИНОВСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
...АРА НАУМОВСКА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНА ДОЈЧИНОВСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
...АРА НАУМОВСКА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

**Т.3. Донесување на Одлука за Употреба и распоредување на акумулираната добивка од 2017 година и од 2018 година на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

- **Предлог на Одлука за употреба и распоредување на акумулираната добивка од 2017 година и од 2018 година на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци**

Врз основа на член 488 од Законот за трговски друштва, член 31 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 29.12.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за употреба и распоредување на акумулирана добивка на ВВ –ТИКВЕШ АД - Кавадарци од 2017 и 2018 година**

**Член 1**

Акумулираната добивка на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 2017 година која е во износ од 170.815.158,00 денари како и акумулираната добивка од 2018 година која е во износ од 153.393.295,00 денари се распределува на следниот начин:

1. Дел за дивиденда во бруто –износ во акции на акционерите на ВВ –ТИКВЕШ АД Кавадарци сразмерно на нивното учество во основната главнина по пат на издавање нова емисија акции од 323.595.076,00 МКД

2. Дел за исплата на дивиденда во пари на платежни сметки на акционери 613.377,00 МКД

**Член 2**

Акумулираната добивка на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 2017 година и од 2018 година ќе се употреби за исплата на дивиденда во акциии дел во пари на платежни сметки на акционерите, сразмерно на учеството на нивните акции во досегашната основна главнина на ВВ –ТИКВЕШ АД Кадаварци.

**Член 3**

Издадените акции од новата емисија ќе бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по освојувањето на одлуката од Собранието на акционери.

**Член 4**

Делот за исплата на дивиденда предвиден во член 1 точка 2 од оваа Одлука, што ќе се исплаќа во пари ( на платежни сметки на акционерите ), ќе биде исплатен по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централиот регистар на Република Северна

Македонија, односно по уписот на новата емисија акции во Централниот регистар за хартии од вредност , а најдоцна до 01.03.2026 година.

**Член 5**

Датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 26.12.2025 година.

**Член 6**

Се овластува Управниот Одбор на Друштвото да ја спроведе одлуката

**Член 7**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на собрание

**Т.3 Донесување на Одлука за исплата на дивиденда (дивиденден календар )**

Врз основа на член 490 од Законот за трговски друштва, член 94 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 29.12.2025 година година ја донесе следната:

**Одлука за исплата на дивиденда**
**( дивиденден календар )**

**Член 1**

Да се исплати дивидендата во бруто-износ од 324.208.453,00 денари.

Дивидендата од акумулираната добивка од 2017 и 2018 ќе се исплаќа дел во акции преку издавање емисија на акции по пат на приватна понуда наменета за акционерите, и дел во пари (на платежни сметки на акционерите), сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина.

Друштвото, во согласност со важечката регулатива, од бруто – износот на дивидендата:

а) при исплата на физичките лица ќе задржи и ќе уплати данок на личен доход,

б) при исплата на правните лица ќе задржи и ќе уплати данок по задршка каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2017 и 2018 година, акционерите ќе бидат известени преку Повикот за учество на Собранието на акционери на Друштвото.

**Член 2**

Висината на бруто-дивиденда по акција ќе изнесува 1.198,00 денари, односно 38,1% од номиналната вредност на акциите која што изнесува 51,13 евра или 3.145,00 денари .

**Член 3**

Собранието на акционери на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци ќе се одржи на 29.12.2025 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи на листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2017 и 2018 година, односно право на дивиденда ќе имаат акционерите регистрирани во акционерската книга на 26.12.2025 година.

**Член 4**

Последен ден на тргување со право на дивиденда од акумулирана добивка од 2017 година и 2018 година е 24.12.2025 година, односно право на дивиденда ќе имаат акционерите регистрирани во акционерската книга на ден 26.12.2025 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда од акумулирата добивка за 2017 и 2018 година е 25.12.2025 година.

**Член 5**

Издадените акции од новата емисија на акционерите ќе им бидат регистрирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар за хартии од вредност по усвојување на одлуката од Собрание на акционери на Друштвото и добивањето одобрение / согласност од регулаторните тела.

**Член 6**

Исплатата на дивидендата за 2017 и 2018 година во пари (на платежни сметки на акционерите) ќе се изврши по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија и по уписот нановат емисија на акции во Централниот депозитар за хартии од вредност најдоцна до 01.03.2026 година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Претседавач на собрание

## О б р а з л о ж е н и е

### кон Предлог-одлуката за исплата на дивидендата (дивиденден календар)

Во согласност со член 490 од Законот за трговски друштва, Собранието на Друштвото го определува износот на дивиденда, датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, како и планот за исплата на дивиденда и денот на којшто се исплаќа дивидендата.

Заради навремено и точно информирање на акционерите и на јавноста, во согласност со Правилата за котација на хартии од вредност на Македонската берза на хартии од вредност, член 36, котираните друштва се должни однапред да го соопштат предлогот за висината на дивидендата, а веднаш по одржувањето на Собранието на акционери да го објават дивидендниот календар при исплата на дивиденда на сопствениците на акциите на акционерското друштво. Динамиката на активностите поврзани со исплатата на дивидендата се определува во согласност со датумот на одржување на собранието на акционерите на Друштвото.

Во согласност со Правилата за котација на хартии од вредност, датумот на стекнување на правото за дивиденда треба да биде најмалку 14 дена по завршувањето на седницата на Собранието на акционерите на друштвото на која, покрај другото, се донесува Одлука за распределба на добивката остварена во претходната година.

Имајќи го предвид Законот за трговски друштва како правен акт кој исклучиво ја предвидува можноста за исплата на дивиденда во акции на дотогашните сопственици, што единствено може да се утврди со пресек на денот на одржување на Собранието, делот од Правилата за котација на берза што предвидува рок од 14 дена од денот на одржување на Собрание на акционери е неприменлив.

Од тие причини се предлага дивидендата од акумулираната добивка за 2017 година и за 2018 година да биде исплатена на акционерите на Друштвото кои се регистрирани во акционерската книга на Друштвото на 26.12.2025 година.

Се предлага дивидендата за 2017 година и за 2018 да биде исплатена на акционерите на Друштвото кои се регистрирани во акционерската книга на Друштвото на 26.12.2025 година. Последен ден на тргување со акциите со право на дивиденда од амулираната добивка од 2017 година и од 2018 година, во согласност со предложената одлука, е 24.12.2025 година односно право на дивиденда ќе имаат акционерите регистрирани во акционерската книга на 26.12.2025 година. Тоа значи дека прв ден на тргување со акциите без право на дивиденда од акумулираната добивка од 2017 година и од 2018 година ќе биде 25.12.2025 година.

Издадените акциите од III емисија на акционерите ќе им бидат евидентирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар на хартии од вредност по добивањето одобрение/согласност од регулаторните тела и усвојувањето на одлуката од Собранието на акционери на Друштвото.

Доколку дивидендата по поединечниот акционер не ја достигнува номиналната вредност од една акција, Собранието го овластува Управниот одбор да пресмета, а ВВ–ТИКВЕШ АД-Кавадарци да им исплати на акционерите соодветен паричен износ на нивните платежни сметки од остатокот од расположливата добивка за распределба во износ од 613.377,00 денари, по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот

регистар на Република Северна Македонија и по уписот на новата емисија на акции во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, а најдоцна до 01.03.2026 година

За утврдениот дивиденден календар при исплата на дивиденда од акумулираната добивка од 2017 година и од 2018 година, акционерите ќе бидат известени преку известување во дневниот печат и на веб-страницата на Македонската берза за хартии од вредност и на веб-страницата на Друштвото.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Т.5 Донесување на Одлука за зголемување на основна главнина со средства на друштвото на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт-импорт АД –Кавадарци**

- **Предлог Одлука за зголемување на основна главнина со средства на друштвото на Акционерско друштво за производство и промент на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**

Врз основа на член 439 од Законот за трговски друштва, член 31 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци,како и член 7 и член 27 од Законот за хартии од вредност Собранието на акционери на друштвото на ден 29.12.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за зголемување на основна главнина на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци со средства на друштвото со издавање на хартии во вредност по пат на приватна понуда со III (трета) емисија акции**

**Член 1**

Основната главнина на ВВ –ТИКВЕШ АД Кавадарци со ЕМБС- 5275890 се зголемува во средства на Друштвото, преку распределба на дел од акумулираната добивката на Друштвото ВВ –ТИКВЕШ АД Кавадарци од 2017 година и од 2018 година и исплата на дивиденда во акции со издавање на нова емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда на обични акции.

Со оваа емисија се издаваат 101.543 обични акции.

Номиналната вредност по акција изнесува 51.13 Евра

Продажна цена по акција изнесува 51.13 евра

Вкупна номинална вредност на оваа емисија на хартии од вредност е еднаква на вкупна продажна вредност и изнесува 5.191.894 Евра.

Со оваа емисија, почетниот капитал (основната главнина) на Друштвото ќе се зголеми за 5.191.894 евра.

Вкупниот капитал на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци по извршената емисија на акции по пат на приватна понуда изнесува 19.020.002 Евра и тоа 371.993 обични акции со номинална вредност од 51,13 евра.

**Член 2**

Правата кои произлегуваат од сопственоста на овие обични акции се:

-Право на глас во Собранието на акционери

-право на исплата на дел од добивката ( дивиденда)

-право на исплата на дел од остатокот од ликвидациона односно стечајна маса на Друштвото

Акциите гласат на име. Секоја акција дава право на глас во Собранието на акционери на Друштвото.

**Член 3**

Дивидендата се исплата врз основа на Одлука на Собранието на акционери на ВВ –ТИКВЕШ АД Кавадарци со која се регулира начинот на исплатата и висината на дивидендата.

**Член 4**

Сопствениците на акциите од III ( третата ) емисија акции ги стекнуваат сите права и обврски од акциите предвидени во законските прописи, статутот на Друштвото со денот на уписот во акционерската книга на Друштвото во Централниот депозитар на хартии од вредност АД Скопје.

**Член 5**

Во согласност со член 1 од оваа одлука, ВВ –ТИКВЕШ АД Кавадарци на акционерите , како познати купувачи на хартии од вредност, од нераспределената расположлива добивка им издава дивиденда во акции, сразмерно на нивното учество во основната главнина според дивидендниот календар за исплата на дивиденда за 2017 и 2018 година.

Собранието на акцонери го овластува Управниот одбор на Друштвото , за секој поединечен акционер, да ја подготви пресметката за бројот на акции што треба да се стекне од оваа емисија на акции, да ја утврди вредноста на стекнатите новоиздадени акции, да го пресмета евентуалниот износ за доплата на разликата во пари и да го пресмета вкупниот број на акции во однос на вкупното учество во евра и во основната главнина.

Доколку дивидендата по поединечниот акционер не ја достигнува номиналната вредност од една акција , Собранието го овластува Управниот одбор да пресмета, а ВВ –ТИКВЕШ АД Кавадарци да им исплати на акционерите соодветен паричен износ на нивните платежни сметки од остатокот од расположливата добивка за распрелба во износ од 613.337 денари, по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија и по уписот на новата емисија на акции во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје , а најдоцна до 01.03.2026 година

**Член 6**

Во рок од 15 дена од денот на конечноста на Решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, ВВ –ТИКВЕШ АД Кавадарци треба да ја спроведе постапката за реализација на приватната понуда.

ВВ –ТИКВЕШ АД-Кавадарци ќе објави Соопштение за издавање акции по пат на приватна понуда во еден дневен весник што излегува на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 7**

Друштвото во рок од 8 ( дена) од реализација на емисијата ќе го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во Трговскиот Регистар,а во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци треба да поднесе барање до Централен депозитар за хартии од вредност на РСМ за регистрирање/ запишување на новоиздадените акции во акционерката книга на Друштвото.

**Член 8**

Во рок од 5 ( пет ) работни дена од денот на завршувањето на приватната понуда ,Друштвото треба да ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за процентот на реализација на емисијата.

**Член 9**

Се овластува Надзорниот Одбор на Друштвото, по барање на надлежни институции, да врши соодветни измени и дополнувања на Оваа Одлука.

**Член 10**

Се овластува Управниот Одбор на Друштвото да ја спроведе одлуката, да ја подготви целокупната документација и да ја спроведе постапката за упис на зголемувањето на основна главнина во Трговскиот регистар како и постапката за регистрирање на хартии од вредност во акционерската книга при Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 11**

Се овластува Надзорниот Одбор на Друштвото да подготви пречистен текст на Статутот на Друштвото во којшто ќе се внесени измените извршени со оваа одлука.

**Член 12**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на собрание

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**кон предлог одлуката за зголемување на основата главнина на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци со издавање акции од III емисија од средства на Друштвото**

Во согласност со член 420 од Законот за трговските друштва, зголемувањето на основната главнина може да се врши и од средства на друштвото преку издавање долгорочни хартии од вредност – акции.

Со оваа одлука се предлага Друштвото да ја зголеми основната главнина преку издавање хартии од вредност – акции во износ од 5.191.894 евра, што е во согласност со стратешките определби за понатамошно зголемување на нивото на вкупен капитал заради понатамошен раст.

Зголемувањето на основната главнина на ВВ-ТИКВЕШ АД - Кавадарци се врши од средства на Друштвото, преку распределба на добивката на Друштвото за 2017 и 2018 година и исплата на дивиденда во акции со издавање нова емисија хартии од вредност по пат на приватна понуда III (трета) емисија на обични акции, при што со оваа одлука се утврдува начинот, бројот, вредноста и правата на обичните акции и роковите за регистрирање на зголемувањето на основната главнина во надлежните институции во согласност со позитивните прописи.

Од причина што добивката на Друштвото, како и исплатата на дивиденда се врши во денари, а основната главнина согласно Статутот на Друштвото е евидентирана во евра, конечниот износ на зголемување на основната главнина во евра ќе се утврди согласно средниот курс на НБРСМ на последниот работен ден пред денот на донесување на оваа Одлука.

**Управен одбор**

**Т.6 Донесување на Одлука за измена на Статутот на Акционерско Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД –Кавадарци**

- **Предлог Одлука за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, член 31 и член 107 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци, Собранието на акционери на друштвото на ден 29.12.2025 година година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измена на Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци**

1. СЕ ВРШИ ИЗМЕНА на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Кавадарци (пречистен текст од 04.06.2025 година) и тоа:

- СЕ МЕНУВА член 15 став 1 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Кавадарци и истиот гласи:

Основната главнина на друштвото е во вредност од 19.020.002 ЕУР (евра) во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на ден 26.12.2025 година (последниот работен ден пред денот на донесувањето на одлука за зголемување на основната главнина со издавање на акции од третата емисија).
Основната главница на Друштвото е поделена на 371.993 обични акции.
Номиналната вредност на 1 (една) акција изнесува 51,13 ЕУР (евра).

- СЕ МЕНУВА член 17 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Кавадарци и истиот гласи:

Главницата на Друштвото ја има следната структура на акции:

- 371.993 обични акции во вредност од 19.020.002 ЕУР(евра) што преставува откупен акционерски капитал од акционерите на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци.

- СЕ МЕНУВА член 109 став 3 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД Кавадарци и истиот гласи:

**„Со донесување на овој пречистен текст на Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци престанува да важи пречистениот текст од 04.06.2025 година. “**

2. СЕ овластува Надзорниот одбор на друштвото да подготви пречистен текст на Статутот во кој што се внесуваат измените извршени со оваа одлука за измена на Статутот.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на собрание